Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15 и 192/15), Владата на Република Македонија во својство на Собрание на Акционери на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, на седницата, одржана на 1.12.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2015 година и на Финансиските извештаи за 2015 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2015 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2015 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2015 година**

**Член 1**

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2015 година и на Финансиските извештаи за 2015 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2015 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2015 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2015 година се избира „ТП Ревизија Чулева“ Скопје ул. „Иван Аговски“ бр.1/2-1 во Скопје, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка со прибирање понуди со електронска аукција за ревидирање на Годишната сметка за 2015 година и Финансиските извештаи за 2015 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2015 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2015 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11694/1
1 декември 2015 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Зоран Ставрески